Друштво за управување со отпад
ЕЛКОЛЕКТ ДОО увоз-извоз
Бр. 0307-6/1
18.01 2018 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 09-143/1
22.01 2018 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

**МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ**
помеѓу
Општина Македонска Каменица и
ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје

**ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје, како лиценциран колективен постапувач со отпадна електрична и електронска опрема нуди соработка во делот на подигнување на јавната свест за селектирање на електричен и електронски отпад и отпадни батерии и акумулатори заради остварување на заедничките цели на Општина Македонска Каменица и ЕЛКОЛЕКТ ДОО а во насока на подобрување на животот на граѓаните и зачувување на здравјето и животната средина.

**Член 1**

Овој Меморандум има за цел да ја дефинира и потврди соработката помеѓу:

I) Општина Македонска Каменица и
II) ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје

Целта на соработката е спроведување на активности за подигнување на јавната свест за селектирање на отпадна електрична и електронска опрема и отпадни батерии и акумулатори.

**Член 2**
**ОПИС НА АКТИВНОСТИТЕ**

Со цел успешно и непречено спроведување на активностите од член 1, Општината ќе именува одговорно лице за комуникација со ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје.

***Општина Македонска Каменица и* ЕЛКОЛЕКТ *ДОО Скопје се согласуваат да соработуваат околу следново:***

***Општината се согласува да:***

а) комуницира и соработува со ЕЛКОЛЕКТ ДОО за сите прашања поврзани со спроведување на активностите за подигнување на јавната свест за селектирање на отпадна електрична и електронска опрема и отпадни батерии и акумулатори.

**ЕЛКОЛЕКТ *ДОО се согласува да:***

б) навремено ја известува Општината за сите активности кои ќе ги превзема во врска со обврските кои произлегуваат од овој Меморандум за соработка,

в) достави брошури/лифлети и друг промотивен материјал за подигање на јавната свест на жителите од општината, и

г) успешно ги спроведува одредбите од договорот за соработка склучен со Општина Македонска Каменица.

**Член 3**
**ЕФИКАСНОСТ И ТРАЕЊЕ**

Меморандумот влегува на сила веднаш по неговото потпишување.

**Член 4**

Овој Меморандум за разбирање ќе биде потпишан во два примероци, по еден примерок за двете договорни страни.

| | |
|---|---|
| **Општина** | **Елколект ДОО Скопје** |
| **Соња Стаменкова** | **Фана Христовска** |
| Градоначалник | Управител |
| Потпис | Потпис |